Почитувани сограѓани,

Сведоци сме на секојдневни празни ветувања, лаги и манипулации Луѓето во општината се разочарани и безволни, живеат во сиромаштија и невработеност. младите се без перспектива го трошат своето време на безначајни нешта коишто не носат ништо добро.

За мене е најважно општината да оди напред и да се развива според европските стандарди. Заедно со сите вас, ќе се трудиме да го вратиме сјајот на Богданци како една добро урбанизирана и средена општина во републиката ,посакувано место за живеење и творење.

Конечно на Богданци му требаат промени. Сега е време .за тие промени.

Но, тоа нема да се случи само од себе. За тоа ќе одлучуваме сите заедно на 24-ти март,на избори.

Свесен сум дека тие се прв чекор во изнаоѓање на нови решенија и остварување на зацртаните проекти. Изборите се добиваат со многу работа, разум и посветеност. Секој ден после 24-ти март ќе носи нови предизвици ,ќе бара нови решенија и одговорност за сработеното .

Спремен сум да се соочам со таа задача.

Програмата која ви ја нудам е мојот одговор, одговорот на мојот тим и на нашата коалиција „Сојуз за иднината“ на сегашните и идните предизвици. Во неа нудиме решенија на проблемите со кои вие,граѓаните на општина Богданци секојдневно се соочуваат.

Драги сограѓани,

Овие избори не смеат да бидат натпревар на лаги и нереални ветувања, туку натпревар на идеи и проекти. за подобрување на животот на граѓаните на општина Богданци, проекти кои произлегоа од приоритетите кои заедно ги поставивме.

Посебна благодарност упатувам до сите жители на општина Богданци кои несебично, со своите идеи и предлози дадоа огромен придонес во создавањето на оваа Програма. Голем број

од вашите идеи се преточени во проектите со кои се нуди решение на проблемите на сите граѓани на нашата Општина.

Цврсто ве уверувам дека нашата соработка нема да застане овде, напротив заедно ќе направиме, проектите содржани во оваа програма да станат реалност и на крајот сите ќе се гордееме со сработеното.

На крај, сакам да им се заблагодарам на сите активисти, членови и симпатизери на „Сојузот за иднината" коишто помогнаа и учествуваа во изготвувањето на оваа програма.

На 24-ти март вашиот глас одлучува, да направиме промена за посветла иднина и подобро утре Ние заеднички тоа го можеме и тоа ќе го направиме.

Да ја направиме општина Богданци, општина со која сите ќе се гордееме !

Со почит,

Зоран Прочков

# Вовед

Општина Богданци денес се гуши во хаосот на сопствената постоечка инфраструктура од недовршени патишта, раскопани и недовршени улици, недостаток и наместа неуредени тротоари.

Се` почести се проблемите со водоснабдувањето и канализацијата (фекална и атмосферска), загаденоста на речните корита и многуте диви депонии, како и застојот во локалниот економски развој и невработеноста.

Поради сето ова, овие локални избори се од голема важност за општина Богданци, бидејќи претставуваат можност да направиме вистински избор на идеи, нови проекти кои ќе го помогнат нејзиниот економски, културен и општествен развој. Ќе се работи на проекти со кои реално ќе се подобри и олесни животот на граѓаните на нашата општина.

# Инфраструктура

## Водовод и канализација

***Проблем :***

Општина Богданци располага со квалитетна вода за пиење и ја има во доволни количини, за да може да ги задоволи потребите на граѓаните од општината и пошироко. Сепак, таа не стигнува редовно до сите корисници на вода, особено во летниот период. За овие четири години локалната власт не презеде конкретни активности и вложувања за решавање на овој проблем. Незамисливо е во денешно време кога потребите за вода на секое домаќинство се зголемени и неопходни, некои од нив да се соочуваат со недостиг.

***Решение :***

Во првата година од мандатот на ќе биде реализирано поврзување на населените места Стојаково и Селемлија со водоводниот систем Богданци, а во населеното место Ѓавото ќе биде изграден резервоар за вода.

Во текот мандатот на нашиот кандидат за градоначалник др. Зоран Прочков, ќезапочнеме со реконструкција на водоводната мрежа, замена на старите салонитни  (азбестни цевки) со нови цевки од еколошки материјал и соодветен профил.

***Проблем :***

Постоењето на нефункционален колекторски систем, а во некои населени места недовршената или неизградената канализациона инфраструктура, е еден од основните проблеми со кои граѓаните на општина Богданци се соочуваат секојдневно.

Исто така, во период на обилни дождови и топење на снегот настанува голем проблем со: слевање на атмосферските води по улиците, со што се оневозможува непреченото и безбедно одвивање на сообраќајот по нив, и поплавување на одредени делови од населените места.

Неискористеноста на колекторскиот систем и влошените проблеми со атмосферските води предизвикуваат поплавување на многу домаќинства во с.Селемлија.

***Решение:***

- Ставање во функција на колекторскиот систем и чистење на реката Луда Мара во првите месеци од започнувањето на мандатот.

- Реализација на фекалната канализација во с. Ѓавото во втората година од мандатот.

- Реализација на фекалната канализација на с. Селемлија во текот на мандатот.

- Изготвување на проект за заштита на градот од атмосферските води и негова реализација.

Рок за реализација: во првите две години од мандатот на нашиот Градоначалник.

# Урбанизам

***Проблем:***

На територијата на општина Богданци е започната, а не е завршена реконструкцијата на повеќе улици. Поголем број од улиците се со дупки кои го отежнуваат сообраќајот и ги оштетуваат возилата. Постојат неасфалтирани улици со поставени ивичници, а без тротоари кои го оневозможуваат безбедното движење на пешаците. Најизразен е проблемот со влезот во Богданци од правец на Гевгелија. Сето тоа го започна, а не го заврши сегашната локална власт.

Општина Богданци заслужува да има добра и безбедна патна инфраструктура.

***Решение:***

Приоритет на нашиот кандидат за градоначалник др. Зоран Прочков и Советот на општината од редовите на „Сојузот за иднината“ ќе биде :

- отворање на нови улици, нивно асфалтирање;
- уредување на тротоарот;
- санирање на критичните оштетувања на постоечките улици;

- финализирање на недовршените улици и патишта;
- расчистување на постојните маалски пристапи и доведување во состојба на комотна употреба.

# Инвестиции и економски развој

## Капитални инвестиции

***Проблем:***

Проектот за изградба на трговски центар во Богданци сеуште не е реализиран од страна на сегашната локална власт. Ваквата инвестиција е од суштинско значење за општината, бидејќи ќе придонесе за нејзиниот економски развој и ќе отвори нови работни места со што ќе се отвори можност за нови вработувања и развој на малите и приватни бизниси.

***Решение:***

Избирање на инвеститор на којшто ќе му бидат понудени поволни и прифатливи услови за изградба на трговскиот центар во центарот на градот Богданци, со што ќе се доведе и до партерно уредување на околината и заокружување на плоштадот.

Рок за реализација: првата половина од мандатот на нашиот Градоначалник.

## Економски развој

***Проблем:***

Во општина Богданци нема индустриска зона, којашто би го поттикнала локалниот економски развој на општината и којашто би привлекла домашни и странски инвестиции и отворање на нови работни места. Сегашната власт се уште не успеа да одреди локација за индустриска зона, со што се кочи и економскиот развој на општината.

***Решение:***

Во ПРВИТЕ 100 ДЕНА од мандатот:

- изнаоѓање на локација за индустриска зона;
- нејзино урбанизирање;

- изградба на потребна инфраструктура во индустриската зона.

На секој потенцијален инвеститор ќе му се помогне да обезбеди документација за изградба на индустриски капацитети во најкраток можен рок и ќе му се понудат поволни услови за инвестирање.

# Подобри услуги за граѓаните

## Едношалтерски систем

***Проблем:***

Општината во мандатот на сегашниот градоначалник е претворена во приватна фирма за вработување на партиски кадри - недоволно стручни и непрофесионални. Со тоа општинската администрација стана прекубројна, неефикасна и непрофесионална во решавањето на проблемите и барањата на граѓаните.

Издавањето на документи, коишто се во надлежност на општината трае многу долго.

Граѓаните на општина Богданци заслужуваат поефикасна општинска администрација која ќе биде во служба на нивните интереси.

***Решение:***

Изборот и вработувањето на општинската администрација ќе биде согласно потребите и стручната подготвеност да одговори професионално на потребите на граѓаните.

Ќе се воведе едношалтерски систем, кој ќе им обезбеди на граѓаните брзо и ефикасно завршување на административните работи. Исто така, ќе се воведе и телефонска линија наречена "систем 48", на која граѓаните ќе можат да ги пријавуваат своите проблеми и во рок од 48 часа ќе бидат известени за решавање на истите. Рок за реализација: веднаш по добивањето на градоначалничкиот мандат.

# Квалитетен живот

## Култура

***Проблем :***

Општина Богданци располага со културно- образовни установи (Домови на културата во Богданци и Стојаково), но се оставени на забот на времето, руинирани и комплетно заборавени. На општината и недостасува таков простор, каде што ќе се одржуваат културно- уметнички манифестации и каде што ќе се промовира и развива  културно- забавниот живот во општината. Досегашната власт не вложи ни денар за да се променат нештата.

***Решение :***

- ќе се формира и стави во функција културно- едукативен информативен центар во склоп на Домот на култура, каде што младите луѓе ќе имаат услови за собирање и размена на информации , спроведување и присуствување на обуки и едукативни предавања од разни области на општествениот живот.

- доекипирање со стручни кадри  од областа на културата и нивно вклучување во креирањето на културните случувања и подигнување на културната свест во општината.

- активна соработка со европски асоцијации и фондации за обезбедување на стручна и финансиска помош за рамномерен развој на културата во општината и нејзина промоција.

- заштита и зачувување на книжниот фонд во градската библиотека, кое е непроценливо богатство за општината.

За сето ова да се реализира, ќе се изготви проект за реконструкција и преадаптација на зградата на Домот на култура со современа библиотека, сала за сценски настапи од културно- уметнички и јавен карактер, простории за делување на културно-уметнички друштва и здруженија, едукативни центри итн.

***Ова ќе се реализира во текот на мандатот (2013-2017 год.).***

# Моето маало/Моето село

## Богданци

Ќе се стави во функција колекторскиот систем.

Коритото на реката Луда Мара ќе се исчисти и ќе се уреди просторот меѓу коритото и заобиколниот пат.

Ќе се пристапи кон промена на старата, азбестна водоводна мрежа и замена со нова и ќе се реши проблемот со водоснабдувањето во поедините делови на градот.

Ќе се направи проект за реновирање и ќе се реновира Домот на култура.

Ќе се доуреди и асфалтира улицата(булеварот)на влезот во Богданци од правец на Гевгелија.

Ќе се обезбеди квалитетно уредување на повеќето улици и маалски пристапи.

Ќе се регулира несоодветното паркирање на патничките и товарни возилата по улиците на градот.

Ќе се определат посебно обележани паркинг места, само за такси возилата, особено во центарот на градот.

Ќе се воведе вертикална и хоризинтална сигнализација на поедини улици и раскрсници кои се црни точки во градот.

Ќе се разгледа можноста за 24-часовна здравствена служба во градот.

Ќе се преиспита висината на комуналните услуги и ќе се разгледа можноста за нејзина корекција.

Општинската администрација и служби ќе бидат во служба на граѓаните професионални, брзи и љубезни.

Ќе се бара локација за изградба на велосипедска патека .

Ќе се бара локација за сточен пазар.

Ќе се поддржат сите спортски здруженија во нивните зацртани активности, особено ако посветат активно внимание за учество на децата од предшколска и школска возраст преку посебен општински фонд.

Ќе се воведе транспарентност и отчетност во извршувањето на тековните активности во текот на мандатот и учество на месното население во одлучување за преземање на активности кои се од нивен непосреден интерес.

## Дом на култура

Ќе се реновира Домот на култура.

Коритото на реката кај гостилницата Бо-Бо ќе се доуреди.

Ќе се реши проблемот со атмосферските води и осветлувањето на ул.Страшо Пинџур.

Редовно ќе се празни сметот од поставените контејнери и канти за ѓубре.

Ќе се преуреди и обезбеди паркот за деца пред домот на културата.

Ќе се реши проблемот со канализацијата на ул.Мирче Ацев.

## Втеринарна станица

Ќе се уреди ул. Ѓуров дол.

Тротоарно ќе се уреди просторот околу улицата (булеварот) од влезот во Богданци до ветеринарнат станица.

Ќе се уреди и осветли ул.10 Октомври

Ул.8 Март ќе се доуреди .

Ќе се постави осветлување на ул.8 Март.

Ул.25 Мај ќе се доуреди .

Редовно ќе се празни сметот од поставените контејнери и канти за ѓубре.

Ќе се детектира и реши проблемот со канализацијата на ул Крушевска

Ќе се уреди ул.Велко Влаховиќ

## Пензионерски дом

Ќе се уреди ул.Максим Горки со предходно решавање на проблемите со канализацијата.

Ќе се обезбеди паркинг простор за зградите бр.50 и 52 на ул. Маршал Тито.

Ќе се доуреди кракот од ул.Бранд Петрушев

Ќе се поставата уште контејнери на ул.Маршал Тито кај автобуската станица и околу неа.

Ќе се санират дупките на ул.Петар Мусев.

Ќе се уреди тротоарот на ул.Петар Мусев кај детската градинка.

## Изворски

Ќе се уредат ул. Пролетерска и ул.Осоговска

Ќе се постават уште контејнери и редовно ќе се собира сметот на ул.Воденска.

На делот на ул.Воденска ќе се уреди текот на Љокова река.

Ќе се уреди ул.Воденска.

Ќе се реши осветлувањето на ул.Бошко Буха

Ќе се подобри собирањето на сметот

## Млаз

Ќе се уреди просторот од јужниот дел, под зградата на општината.

Ќе се уреди и асвалтира ул.Мирка Гинова.

Ќе се уредат повеќе (маалски пристапи)во Медурци.

Ќе се уреди и осветли ул.Браќа Миладиновци

Ќе се постави улично осветлување на ул.Беласица.

Ќе се уредат ул.Нако Вардарски и ул.Гоце Делчев

Ќе се подобри собирањето на сметот.

Ќе се зголеми бројот на контејнери на ул.Кукушка.

е се разгледа можноста за обезбедување паркинг простор пред поликлиника Ројал.

Ќе се изнајде решение за проблемите од атмосферската вода на ул.Егејска.

## Петар Мусев

Ќе се уредат ул.Атанас Бојков и ул.Никола Карев

Воведување на поголема безбедност за децата од О.У. Петар Мусев при движење на ул.Олга Петрушева; ул.Бранд Петрушев и ул.Коста Поп Ристов со поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација.

Ќе се уредат (маалски пристапи) на ул.О.Петрушева.

Ќе се постави улично осветлување на ул.Атанас Бојков и на дел од ул.Крушевска

Ќе се санират дупките ул.Б.Петрушев .

Ќе се изнајде решение за атмосферските води на ул.29-ти ноември и нејзино доуредување.

## Ѓавото

- Ќе се започне со изградба на канализациона мрежа во селото и решавање на отпадните (фекални) води кои се одлеваат во каналот.

- Ќе се асфалтира делот од патот Богданци-Ѓавото кој не е асфалтиран .

- Ќе се уреди улицата која води до училиштето.

- Ќе се изгради резервоар за вода за пиење во рамките на водоводната мрежа.

- Ќе се постават нови светилки на неосветлениот дел од селото, особено на потегот до училиштето и црквата.

- Ќе се стави селскиот Дом на култура во функција и обезбедување на услови за собирање на младите.

- Ќе се обезбедат услови за зајакнување на месната заедница и подобрување на комуникацијата и соработката со локалната власт.

- Ќе се реши проблемот со одводот на водата на селската чешма.

- Ќе се лобира до надлежните претпријатија за квалитетно снабдување на одделни делови од селото со електрична енергија.

- Ќе се изнајде решение за организирање на јавен превоз до околните места.

## Селемлија

- Ќе се започне со изградба на канализациона мрежа во селото.

- Ќе се изгради мост на селскиот канал во делот од селото кон гробиштата.

- Ќе се асфалтират тампонираните улици.

- Ќе се изнајде решение на проблемот со атмосферските води, особено во јужниот дел на селото.

- Ќе се изготви проект за наводнување на земјоделското земјиште во горниот атар на селото и негова реализација.

- Ќе се поставата нови светилки  на неосветлените делови од селото.

- Ќе се подобри пристапниот пат до селските гробишта.

- Ќе се стави во функција снабденоста со електрична енергија на селските гробишта за потребите на месното население.

- Ќе се изнајде решение за проширување на патот Селемлија-Стојаково.

- Ќе се изнајде решение за организирање на јавен превоз до околните места.

- Ќе се изнајде локација за селско спортско игралиште и негова изградба.

- Ќе се изнајде решение за обезбедување на примарна здравствена заштита во селската амбуланта, 1-2 пати неделно.

- Ќе се подобри комуникацијата и соработката на месната заедница со локалната власт.

- Ќе се лобира во изнаоѓање на средства за доизградба на селската црква.

## Стојаково

- Ќе се доизгради канализационата мрежа во селото.

Ќе се изнајде решение за проблемите со атмосферските води  во селото.

Ќе се подобри водоснабдувањето со вода за пиење и наводн -увње на населбата.

- Ќе се обезбеди простор за клубот на пензионери во објектите кои се во сопственост на општината.

- Ќе се стави во функција колекторскиот систем.

- Ќе се тампонира ул. „Н.Мандалов“

- Редовно и темелно ќе се собира сметот во населеното место.

- Ќе се постават  контејнери на секоја улица.

- Ќе се отстранат дивите депонии во селото.

- Ќе се уреди ул. „ Јане Сандански “ и  ул.„25-мина“

- Ќе се уредат останатите маалски улички и пристапи во селото.

- Ќе се постават нови и ќе се заменат неисправните светилки  на неосветлените делови од селото.

- Ќе се изнајде решение за организирање на јавен превоз до околните места.

- Ќе се уреди дел од текот на реката која поминува низ селото.

- Ќе се промени кровот на Дмот на културата.